РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISËSË VERIUT
СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА
KËSHILLI I KOMUNËS SË STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N.,6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk,
info@struga.gov.mk

ПРЕДЛОГ
PROPOZIM

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весникна Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 88 став 2 од Статутот на општина Струга („Службен гласник на општина Струга" бр.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 и 14/22) и член 136 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Струга („Службен гласник на општина Струга" бр.4/18), расправајќи по Одлуката за донесување Програма за работа на ЈП „Водовод и канализација" Струга, бр.02-776/7 од 04.12.2024 година, донесена од управниот одборна ЈП „Водовод и канализација" - Струга, Советот на Општина Струга на _____ седница одржана на __.__.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Одлуката за донесување Програма за работа на ЈП „Водовод и канализација" Струга

Член 1

Советот на Општина Струга дава согласност на Одлуката за донесување на Програма за работа на ЈП „Водовод и канализација" Струга за 2025 година, бр. 02-776/7 од 04.12.2024 година, донесена од управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација" - Струга.

Член 2

Одлуката да се достави до ЈП „Водовод и канализација" -Струга.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Струга".

Në bazë të nenin 36 paragrafi 1 pika 6 dhe nenin 62 paragrafi 1 të Ligjit për vetëqeverisje lokale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 5/02 dhe "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 202 /24), neni 88 paragrafi 2 nga Statuti i Komunës së Strugës ("Gazeta Zyrtare e Komunës së Strugës" nr. 2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 22/12 dhe 14/22) dhe nenit 136 paragrafi 2 i Rregullores së punës së Këshillit të Komunës së Strugës ("Gazeta Zyrtare e Komunës së Strugës" nr. 4/18), duke shqyrtuar sipas Vendimit për Miratimin e Programit të Punës së NP "Ujësjellës dhe Kanalizim" Strugë, nr.02-776/7, datë 04.12.2024, miratuar nga këshilli drejtues i NP "Ujësjellës dhe Kanalizim" - Strugë, Këshilli i Komunës së Strugës në seancën _____ të mbajtur më __.__.2024, mirato

V E N D I M
për dhënien e pëlqimit të Vendimit për miratimin e Programit të punës së NP "Ujësjellës Kanalizime" Strugë

Neni 1

Këshilli i Komunës së Strugës jep pëlqimin për Vendimin për miratimin e Programit të Punës së NP "Ujësjellës dhe Kanalizim" Strugë për vitin 2025, nr. 02-776/7 të datës 04.12.2024, të miratuar nga këshilli drejtues i NP "Ujësjelllës dhe Kanalizim" - Strugë.

Neni 2

Vendimi për dorëzimin e NP "Vodovod i Kalanizë" – Strugë.

Neni 3

Ky vendim hyn në fuqi me ditën e publikimit në "Informatorin zyrtare të Komunës së Strugës".

СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА
Претседател,
Арбереша Влаши

KËSHILLI I KOMUNËS SË STRUGËS
Kryetar,
Arbëresha Vlashi

_____

ЈП”ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“ СТРУГА

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА
ЈП ”ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА “СТРУГА
ЗА 2025 ГОДИНА

Декември 2024год

1. ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СТРУГА

1. Вовед

ЈП Водовод и канализација Струга е основан со Одлука на Управен одбор на МЈП Проаква Струга бр.02-1163/3 од 14,10,2019 година и со Одлука од Советот на Општина Струга бр.03-1205/1 од 29,10,2019година заради вршење на дејност од јавен интерес –комуинална дејност од областа на собирањето,обработка и снабдување со вода и отстранувањето на отпадни води.

ЈП Водовод и Канализација Струга е правен следбеник и носител на сите права и обврски на Р,Е водовод и канализација Струга како работна единица на МЈП Проаква Струга.

МЈП Проаква Струга е избришана од Централен Регистар на РСМ ,со основ бришење-статусна промена преку комбинирана поделба со датум 23.12.2019, од кои произлегоја три нови претпријатија;

-**ЈП Водовод и Канализација Струга**(наследник на Р.Е Водовод и канализација Струга)

-**ЈП Водовод Охрид**(наследник на Р.Е Водовод Охрид)

-**ЈП Колекторски Систем**(наследник на Р.Е Колектор)

ЈП Водовод и Канализација Струга е формирано 23.12.2019 година врз основа на горенаведените податоци и врз основа на Нотарските акти со бр.ОДУ 721/19и бр.ОДУ 722/1 од 04,11,2019година од Нотар Васил Кузманоски од Охрид,Во Делбениот биланс со 30,06,2019 година се дефинирани средтсвата,капиталот и обврските на трите наследници.

2,1. Општи податоци за ЈП Водовод и канализација Струга

ЈП Водовод и Канализација - Струга ги врши следнива активности:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода;

-Одведување на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, и испуштање колекторски систем и пречистелна станица;

-Одведување испуштање на атмосферски води, односно прифаќање на атмосферски води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во реципиент.

ЈП Водовод и канализацијаа Струга со седиште Струга на ул.КЕј 8-ми Ноември бб е распоредено во дејност по шифра 36.00-Собирање,обработка и снабдување на вода и

37.00 –Отстранување на отпади води

Согласно важечкиот Правилник за организација на работата и систематизација на работните места, ЈП Водоводи канализација Струга е организирана во следните сектори:

ЈП Водовод и канализација - Струга

Директор

КАНЦЕЛАРИЈА НА ДИРЕКТОРОТ

1. Помошник директор 2.Секретар

3.Возач на директорот

I.Сектор за општи,правни работи и човечки ресурси		II.Сектор за финансии,сметководство и комерција		III.Сектор наплата		IV.Сектор за водоснабдителни објекти,производство и третман на вода за пиење
I.1 Одделение за општи и правни работи		II.1 Одделение за сметководство		III.1 Одделение за наплата домаќинство		IV.1 Одделение за технички работи и услуги
I.2 Одделение за управување со човечки ресурси		II.2 Одделение за комерција		III.2 Одделение за наплата стопанство		IV.2 Одделение за одржување хлоринаторни станици
I.3 Одделение за обезбедување и ПП заштита		II.3 Одделение АОП				IV.3 Одделение за одржување на водоводна мрежа и приклучоци
						IV.4 Одделение за одржување приклучоци на канализациона мрежа
						IV.5 Одделение за одржувањена механизација и возила

1. Сектор за општи правни работи и човечки ресурси – кој се состои од:

1. одделение за општи и правни работи,

2,одделение за управување со човечки ресурси,

3.одделение за обезбедување и ПП заштита,

2. Сектор за наплата – кој се состои од:

1. одделение за наплата –домаќинства

2. одделение за наплата – стопанство

3. Сектор за финанси, сметководство и комерција – кој се состои од *1.одделение за сметководство,*

2.одделение за комерција.

3.одделение за АОП.

4. Сектор за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење – кој се состои од:

1.одделение за технички работи и услуги,

2.одделение за одржување хлоринаторни станици,

3.одделение за одржување на водоводна мрежа и приклучоци,

4.одделение за одржување приклучоци на канализациона мержа и

5.одделение заодржување намеханизација и возила.

Во прилог следуваат програмите за работа за секој сектор поединечно за 2025 година.

1. Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси

Целите и задачите на Секторот "Општи и правни работи и човечки ресурси" се огледуваат во обезбедувањето на правна основа и подршка на сите активности кои се одвиваат во претпријатието што претставува предуслов за законско и правилно функционирање на целокупното работење.

Секторот ја врши својата дејност согласно актуелните законски прописи и внатрешните акти на претпријатието, со што се обезбедува заштита на имотот, побарувањата и правата на претпријатието.

Сектор за правни и општи работи при ЈП Водовод и Канализација Струга покрај тековните активности кои секојдневно ги извршува, ќе продолжи со спроведување на започнатите и превземенети мерки и активности од 2024 год. за подобрување и зголемување на наплатата преку надлежни нотари и извршители, ажурирање на комплетната евиденција за тужените побарувања преку следните служби во својот состав:

СЕКТОР ЗА ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

↓

1. Одделение за општи и правни работи

2.Одделение за управување со човечки ресурси

3.Одделение за обезбедување и одржување објекти

1.1 Одделение за општи и правни работи

Во одделението , работните задачи ги извршуваат : раководител , виши референти за правни референти , архивар и помошник архивар .

Правната служба обезбедува правни услуги за координирано и непречено работење на секторите, центрите и претпријатието во целина, со тоа што ги извршува следните активности:

- Во текот на 2024 година службата пред се планира продолжување на започнатите активности од претходната година, меѓу кои како најзначајни се издвојуваат започнатите постапки пред надлежните нотари и извршители од подрачјето на општина Струга за наплата на парични побарувања по основ на неплатени сметки/ фактури за услуги на претпријатието од физички и правни лица, како и на започнатите постапки пред надлежните судови по разни основи (граѓански спорови, спорови за надомест на штета и др.), кои ги има поведено самото претпријатие или се поведенипротив него.

- Понатаму, се отпочнува со нови постапки пред надлежните нотари за наплата на парични побарувања за неплатени сметки/ фактури од физички и правни лица од 2024 година, за што е потребно да се обезбедат финансиски средства за плаќање на таксите. Исто така се планира поведување на постапки кон лицата кои имаат склучено спогодби, но не се придржуваат кон истите, како и преземање на мерки преку комуналниот инспектор и покренување на пријави за лицата кои бесправно користат вода.
- Поднесување на Предлози за донесување на решенија со кое се дозволува извршување на решение врз основа на веродостојна исправа пред овластени нотари;
- Склучување на договори за пристапување кон долг за неплатени утужени побарувања и нивна заверка на нотар;
- Изготвување на барања за спроведување на извршување;Проверка на утуженият главен долг за секој предмет поединечно-континуирано ;
- Реализирање на извршните платни налози-континуирано ;
- Изготвување на поднесоци за делумно или целосно повлекување, одговори на приговор и одговори на жалба – континуирано ;

- Изготвување на барање за спроведување на извршување до овластен извршител врз основа на правосилни и извршни платни налози-континуирано ;

- Изготвување на заклучоци ;

- Обработка на предмети за кои има поднесено приговор до судот од страна на тужен ;

- Изготвување на решенија (за запирање на постапка; за делумно повлекување; итн.) ;

- Изготвување на Решенија по однос на поднесен приговор од страна на тужен (решение за отфрлање на приговор како неблаговремен, неоснован итн.) ;

- Припрема на предмети по жалба ;

- Вршење достава на сите видови на судски писмена поврзани со предметите каде што ЈП Водовод и канализација се јавува како тужител ;

- Вршење достава на тужби со издаден платен налог и здружување на доставата со списите на предметот ;

- Проверка на утуженият главен долг за секој предмет поединечно-континуирано ;

- Работа на предмети со приговор од тужен – континуирано ;

- Дневно пребарување на наплатени утужени долгови за кои физички лица сами вршат уплата преку банков изводи, нивно евидентирање во систем и рачно раздолжување на главен долг (с-ки); трошоци и камата- континуирано ;

- Евидентирање на уплати за утужени долгови кои се извршени на благајна и нивно раздолжување на систем – континуирано ;

- Разработување на план за работа и работни активности за секој месец – континуирано ;

- Ажурирање на базата на податоци и нејзино обновување - континуирано

- Обезбедување на податоци за извршени уплати и склучени договори за плаќање на рати – континуирано ;

- Обезбедување на податоци за должници - физички лица против кој може да се спроведе извршувањето по пат на задршка од плата или пензија-континуирано ;

- Испраќање на известување со податоци за утужени долгови од корисници за кои спроведувањето на извршувањето се врши преку овластени извршители ;

- Известување за промена на име на корисник врз основа на податоци - купопродажен договор или решение донесено во текот на постапка пред надлежен суд ;

- Известување за починат корисник врз основа на податоци добиени од терен ;

- Комплетирање на документација за сопственост на објектите на Претпријатието и нивно запишување во катастарската евиденција ;

- Учествува во работата на комисии од правен аспект ;

- Стручна обработка на материјалите за Управниот одбор, како и донесените акти и одлуки од Управниот одбор ;

- Обезбедување на податоци и докази за решавање на судските спорови во согласност со позитивните законски прописи ;

- Водење евиденција на сите утужени ненаплатени побарувања од страна на физички и правни лица по основ неплатени фактури, камати, надомест на штета, работни спорови и по основ на неподмирен долг за користени услуги ;

Ова одделение е одговорно и за целокупното административното работење на претпријатието како и архивире на целокупната документациа која што пристигнува во ЈП Водовод и канализација Струга .

1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Во одделението работните задачи ги извршуваат раководител, виши референти за човечки ресурси и советник за безбедност и здравје при работа. Одделението го извршува работните задачи во согласност со позитивните законски прописи од областа на работните односи, а се планира во текот на 2025 година да продолжи со:

- постапка за вработување кадри и пријавување во Агенција за вработување и изготвување Договор за вработување,
- постапка за привремени вработувања ,
- распоредување кадри со изготвување Анекс-Договор за вработување,
- евидентирање во матична книга и азбучник со отварање досиеа,

- изготвување здравствени легитимации за нови вработени, замена на стари здравствени легитимации и пријавување во Фондот за здравствено осигурување, како и подигање картони за социјално осигурување на вработените,
- реализирање на плановите за годишен одмор со издавање на решенија за годишен одмор,
- изготвување на решенија за платено и неплатено отсуство,
- издавање на решенија за раскинување на Договорот за вработување и одјавување во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Агенцијата за вработување,
- изготвување на планови за работа за наредната година,
- издавање уверенија за работен однос,
- одјавување во Агенцијата за вработување и покренување постапка за пензија во ФПИОМ ,
- изготвување Одлуки за: отпремнина на работници кои заминуваат во пензија, за парична помош за починат работник и член на семејство ,
- изработка на Правилник за пресметка на плати ;
- следење и примена на законската регулатива од областа на безбедноста и здравјето при работа , учество на обуки од оласта на здравствената заштита и прва помош , како и учество во изготвување подзаконски акти од оваа област
- Внесување на податоците во ХРМИС системот
- изготвуваат месечни , вартални , полугодишни и годишни планови за работата на своето одделение и истите ги доставуваат до секторскиот раководител ;
- врз основа на програмата за маркетинг и реклама изготвува предлог буџет и го доставува на усвојување до стручниот колегиум ;
- составуваат соопштенија , огласи и други информации и истите ги доставува до информативните гласила ;
- учествуваат во информативни емисии на средствата за јавно информирање ;
- контрола на имиџот на претпријатието ;
- централизирање и евидентирање на секоја жалба / коментар од едно место ;

- користење на документ – формулар за регистрирање на жалбите/ коментарите ;
- подобрување на услугите за потрошувачите со скратување на времето за реагирање .

1.3 Одделение за обезбедување и одржување на објекти

Во рамнките на ова одделение , работите задачи ги извршуваат раководител , референти за обезбедување , хигиеничари и хаус – мајстор .

Во истото :

- одговорен е за заонско организирање на обезбедувањето на објектите и имотот ;
- учествува во изработка на развојни и мобилизациони планови , елаборати и друга документација од областа на обезбедувањето ;
- дава редовни извешта за состојбatsa со обезбедување на објектите и дава предлози за поефикасно и прописно обезбедување ;
- врши прием и подготовка на документи за кореспонденција со Министерството за одбрана , Центарот за справување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување ;
- ќе се брши навремено и ефикасно распоредување на лицата задолжени за обезбедување и контрола на објектите во кои претпријатието ја врши својата дејност ,
- ќе се врши контрола и евиденција на средствата за работа и редовно превземање на превентивни мерки ,
- редовно одржување и потребна санација на објектите ,
- подготовка на документација од областа на одбраната , заштитата и справувањето со кризи .

2. Сектор наплатна

Процедури на работење

2.1. Читање на водоводно броило :

- читачот или инкасаторот на образецот од АОП викан читачки лист на кое е именован корисникот и претходната состојба рачно на лице место внесува нова состојба секој месец најкасно до 25 во месецот.

- секојмесечното ажурирање на податоците во реонот кој го должи е најосновната задача и императив на секој инкасатор,

- читачката листа се доставува до АОП до 25ти во месецот со претходна контрола и потпис од соодветниот контролор преку Раководителот на наплатата за сочинување на сметки.

2.2 Фактурирање

- добиените сметки од АОП задолжениот читач/инкасатор ги проверува и доколку има неправилности се интервенира до одделението за АОП за корекција.

2.3. Наплата на сметки и фактури

- наплатата по физички лица е организирана на два начини:
  - наплата преку наплатни пунктови и
  - наплата преку пошти, банки,.
- наплатата на побарувањата од фирми се врши преку :
  - наплата преку наплатни пунктови и
  - наплата преку пошти, банки,.

Ресорните шефови за наплата во соработка со аналитичарот за побарувања од сметководство воспоставуваат контакт сами или преку

теренските оператори-наплатувачи. Во колку контактот не вроди со плод подготвува Опомени и Решенија за исклучување.

Постојаната контрола над лицата кој склучиле договори за плаќање на ратио е едно единствено место е неопходност поради слабата финансиска дисциплина кај корисниците.

Лицата кој не се јавиле по претходните Опомени и активности за исклучување или пак не ги поштуваат договорите за плаќање на рати се предаваат на Правен сектор за понатамошна постапка.

Поврзаноста на Раководителите и одделенијата на ова поле мора да е највисока.

2.4. Евиденција за промена на дефект на водомер, прием на водомер за новоградба, пријава и одјава на потрошувачи

- новоприклучениот објект е претходно регистриран од техничката служба и е вметнат во читачката листа, во колку не е вметнат реонскиот инкасатор поптомогнат од контролните служби врши евиденција на потрошувачите во АОП,

- пријави и одјави на потрошувачи во смисла на промена на корисник, промена на сопственик се врши преку координаторот на поплаки и жалби. Истата се доставува до АОП.

2.5. Контрола на исправност на водомерот, правилно или неправилно приклучени на објекти на водоводна и колекторска мрежа.

- евидентирање на дефект на водомер (неисправен, пукнато стакло,) и пријавување преку Раководителот на наплатното одделение за натамошно регулирање со техничките служби,

- должност на инкасаторот е да достави Извештај за неправилно/диво приклучени објекти на водоводна и канлиозациона мрежа. Истиот Извештај преку Раководителот на одделението се проследува до контролорите, Одделението за наплата или до Техничка служба за негово регулирање.

- во текот на 2024 година се планира замена на околу 1.100расипани водомери

2.6.Извештаи кој се изготвуваат во Секторот за Наплата

Месечни/ Квартални извештаи:

- физички обем на пласман,
- фактурирана реализација и процент на фактурирана реализација,
- процент на наплата,
- споредбени показатели со претходни квартали.

Годишни извештаи:

- извештај за фактурирање и наплата на побарувањата во РЕ Водовод и канализација Струга по реони, фирми, процент на фактурирање и наплата, споредбени показатели со претходни години.

*3. **Сектор** за финанси, сметководство и комерција*

Финансискиот сектор согласно системаизацијата за Ј.П Водовод и Канализација Струга е составен од следниве одделенија:

3.1 Одделение за сметководство

Делокругот на работи на ова одделение се состои од:

- пресметковна и навремена евиденција на приходот преку прием на предајни листи и излезни фактури за побарувања за потрошена вода и колектор и соодветно нивно книжење во деловните книги на претпријатието и аналитички по комитенти,
- пресметковна и навремена евиденција на приходи преку прием на излезни фактури за побарувања за извршени услуги од хидроградба, водоводни и колекторски приклучувања, проверка на нивна документираност соодветно нивно книжење во деловните книги на претпријатието и аналитички по комитенти,
- пресметковна и навремена евиденција на расходи преку прием на влезни фактури, проверка на нивна документираност, ликвидирање и соодветно нивно книжење во деловните книги на претпријатието и аналитички по комитенти,
- навремено евидентирање на платните приливи и одливи според извештаите -изводите од кореспондентните банки во координација со АОП и благајните,
- навремено евидентирање на касовите извештаи од благајните,
- навремена пресметка на Данокот на Додадена вредност и ползување на предностите кој тој ги дава од аспект на навременоста во евиденционата дисциплина на сметководствените документи, евиденционо подготовување на Месечниот Даночен Биланс,
- навремено подготвување на Извештаи до соодветни служби за Статистика утврдени како обврска со Закон,
- подготовка на платежни документи,
- секојмесечна проверка на состојби по конта и корекции согласно принципот *ви справка согласно датумот и времето на констатирање на сметководствена грешкав,*

- секојмесечна проверка на состојби по комитенти и соодветно на ова преземање на постапки за компензационо регулирање на меѓусебните побарувања и обврски со комитентите, неопходни телефонско-факсови и на лице место слагања со комитенти, сочинување на Записник-извештај архивски забележан, се со цел за уредно евидентирање на сметководствените настани и помагање во наплатата директно и индиректно,

- преземање мерки за заштита на рочноста и навременоста на побарувањата на ЈП Водовод и канализација Струга во корелација со подготовка на навремен Предлог за заштита на побарувањата до Администраивен сектор-Правно оделение,

- дефинитивна тромесечна, шестомесечна, деветомесечна контрола и проверка на веродостојноста на искнижаните документи пред подготовка на соодветните квартални Извештаи,

- подготовка на Извештаи за наплатени побарувања по тужби, плаќања или непридржување на плаќања по договори на рати до соодветните служби надлежни за овие прашања,

- учество во подготовка на Извештаи за потребите на Менаџментот, основачите на ЈП Водовод и канализација Струга, Надзорниот и Управниот Одбор, ресорните министерства, банки и странски донатори .

- учество во подготовка на Предлог планот за буџет за секоја наредна година,

- месечен известај за Министерсво за Финансии

- Подготовка на Завршната сметка и Годишен Извештај на ЈП Водовод и канализација согласно делокругот и одговорностите во работата.

-извештај од остварениот план за буџет и финансиски резултат за 2024год

-подготовка на Бизнис план са утврдување на тарифи за РКЕ за секој 3 години

-подготовка на Годишен Извештај за водовод И за канализација за примена на тарифите за Регилаторна Комисија за Енергетика

3.1.1 Организациона поставеност

Со сметководственото одделение раководи:

- Раководител на Сметководство

- со пооделните оделенија Шеф на оделение

3.1.2 Процедури на работење

1. Основачките акти на Јп Водовод и канализација.

2. Сметководствените политики на Јп Водовод и канализација усвоени од Надзорен и Управниот Одбор на Јп Водовод и канализација во Септември 2013 и тековни позитивните Законски прописи и последователни нивни промени,

3. *интерни правила за работење согласно попис и опис на работни задачи во сметководствениот сектор ,

*инструкции за работење дадени на подготвувачите на документите кој се доставуваат за книжење во Јп Водовод и канализација.

3.1.3 План за 2025

- Натамошно ажурно и единствено-целосно спроведување на точката 3.1 Дејност на одделението,

- пратење на измената на Законските прописи кој ја регулираат оваа материја

(билансни шеми, даночните пресметки, обврски и натамошни измени),

- соодветна опременост на сметководственото оделение со соодветна опрема и модемска подршка и размена на податоци,

- тромесечни, шестомесечни, деветомесечни проверки на правилната и ажурната евидентираност на сметководствените настани и подготовка на соодветни извештаи,

- подготовка за анализа на пописните резултати и произнесување по истите согласно Правилникот за Попис,

- подготовка на Завршната сметка и Годишниот Извештај и нивна достава до Законски надлежните органи,

- плаќања преку е-банкинг креирање на web страница :

- преку наплата по пат на траен налог кај кореспондентните банки,

- испорака на сметките/фактурите

3.2 Одделение за комерција

Во делокругот на работењето, оддлението за комерција ги врши следните работи:

- учество во подготвувањето на Планот за Јавни набавки за секоја наредна година кој се усвојува од Управниот Одбор на Јп Водовод И Канлизација Струга.

- учество и припрема на спецификациите за потребни материјали подготвени од секторите корисници на материјалите,

- најцелисходна примена на Законот за Јавни набавки особено во полето на:

- сочинување на предлози до Раководителот на Финансиски Сектор и Комисијата за Јавни Набавки од неопходни тендери за набавки по видови неопходни набавки

- дефинирање на процедурите и постапките за набавка согласно ЗЈН,
- сочинување на целокупната документација за Јавна набавка согласно ЗЈН,

- навременост на набавка и распишување на отворените повици за набавка,

- партиципирање во разгледување на тендерски документи по повик од Комисијата за Јавни Набавки на Јп Водовод и канализација како искусни познавачи,

- квалитетно евиденционо-регистраторско водење на документацијата по

сите набавки

- контрола на влезните фактури, оверка на нивна усогласеност со ЗЈН,

- контрола на прием и издавање на материјали,

- контрола на квалитет на набавки и рок на испораки,

- контрола на цени на набавка согласно постигнатите цени од законската постапка за набавка ,

- контрола и враќање на неквалитетни материјали и приговарање за неадекватни цени како и преземање на секакви чекори за континуитет на набавката во вакви услови,

- навремено евидентирање и комплетирање на фактурите и доставување до финансиско-сметководствениот сектор,

- контрола на ниво на залихи и одржување на минимални залихи,

- контрола на магацинското работење, изведување интервентни пописи и Годишен попис

- активно пратење на вредносното исполнување на набавката,

- активно партиципирање и пронаоѓање на корисни начини во подмирување на обврските кон добавувачите,

3.2.1 Организациона поставеност

Со Комерцијалното оделение раководи:

- Раководител на одделение за Комерција,

-комерцијални референти

-магационери

3.2.3 Процедури на работење

Процедурите се едни и единствени т.е. :

- Законот за Јавни Набавки,

- општи и посебни правилата на комерцијалното работење дефинирани со тековното

работење на ЈП Водовод и Канализација Струга

3.3 Одделение за АОП

3.3.1,Процедури на работа на одделение за АОП

-Ажурирање на податоци за корисници на постојните и новоприклучените по изготвен извештај од техничка служба

-Внес на потрошувачка месечно, изготвување на сметки до 31 во месецот печатење и достава до наплатна служба за дистрибуција

-Евиденција на промена на водомери

-Ажурирање на податоци по пријава од странките или инкасатор (промена на име,

3.4 Буџет план за 2025

3.4.1 Мисија и визија

Мисијата и визијата се вормулирани врз основа на резултатите од 1 работилница за Бизнис планирање.

Мисија

Јп Водовод и канализација е формирана во 23,12,2019 година со разделба на поранешната МЈП Проаква од кои произлегоја три нови претпријатија :

- **Водовод Охрид;**
- **Водовод и канализација Струга;**
- **Колектроски систем Скопје.**

за интегрирано и успешно водоснабдување, собирање и третман на отпадни води за корисниците: домаќинства, индустрија на територијата на Општина Струга.

Визија

Претпријатието е организирано и препознаено како успешна компанија во сите свои полиња на работа. Задоволни вработени, задоволни корисници.

Вредности

- Зголемување на одговорност во работењето;
- Максимум услуги;
- Задоволни клиенти;
- Респектабилно претпријатие;

  Вложување
  Одржување
  Дистрибуција

3.4.2 SWOT анализа

SWOT анализата е подготвена Врз основа на детална проценка и од исходот от работилница за Бизнис планирање. Резултатите на SWOT се дадени во табелата подолу.

ТАБЕЛА: SWOT АНАЛИЗА

ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СТРУГА

	+	-
Внатрешни	**Јаки страни** • Квалитет на вода, водни капацитети(Издашност). • Континуирано водоснабдување 24/7. • Добар однос со корисници. • Континуирано одржување на мрежата. • Пишани процедури за работа. • Одвоена фекална од асмоеверска канализацуја	**Слаби страни** • Превработеност. • Стара инфраструктура. • Застареност на возниот парк • Неприходована вода • Непоседување ГИС, SCADA и недконтинуирано следење на технолошкиот развој • Колегијалност и комуникација меѓу одделенијата. •
Надворешни	**Можности** • Пристапност до едукација • Нова законска регулатива за цена на водата • Достапност до финансиски ресурси и грантови • Технолошки подобрување на средства за детекција и отстранување на дефекти на вода и намалување на загуби •	**Закани/Предизвици** • Политички влијанија и несигурност. • Демографска флуктација - Намалување на корисници/потрошувачка. • Предавање на месните водоводи и нивно одржување • Пораст на социјална категорија на корисници

3.4.3Приоритети и потреби

ВРЗ ОСНОВА НА САМО-ОЦЕНКАТА И НА SWOT АНАЛИЗАТА, МОЖЕ ДА СЕ УТВРДАТ ГЛАВНИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ПОТРЕБИ НА ЈП "ВОДОВОД О КАНАЛИЗАЦИЈА"СТРУГА И СЕ ДАДЕНИ ТАБЕЛА

ПРИОРИТЕТИ И ПОТРЕБИ ЗА РАЗВОЈ

Подрачје на активност	Приоритети и потреби
1. Корпоративни перформанси	• Воспоставување на систем за следење на ефикасноста • Развој на МИС • Севкупно подобрување на организациската ефикасност
2. Перформанси на вработените	• Постепено намалување на учеството на трошоците за вработените • Постепено зголемување на капацитетите на вработените, професионално ниво и целокупната ефикасност
3. Испорака на Услуги	• Напредно покривање на услуги за испорака на услугите за вода • Системот за водоснабдување мора да биде во можност да ги задоволи барањата време на поголема потрошувачка во лето. • Надградба и подобрување на постоечките систем за собирање на отпадни води
4. Оперативен менаџмент	• Подобрување на оперативнато управување и следење • Намалување на реални и видливи загуби
5. Управување со средствата	• Зголемување на инвестициите за поправки и обновување • Развивање де ГИС базиран регистар на средствата • Развивање на компјутерски базиран Регистар за Одржување
6. Читање, фактурирање и наплата	• Зголемување на ефикасноста на наплатата врз основа на ажурирана база на податоци на клиенти, следење на побарувања, примена на законите • Подобрување на комуникација со клиентите
7. Финансиско работење	• Преструктуирање и решавање на огромниот износ на заостанатите обврски • Развивање на Сметководство по трошоковни и приходни центри и систем на работни налози

3.4.4Акционен план Покриеност на услугите (2024-2026)

Акционите планови содржат специфични таргети, активности и ресурси за секоја од мерките. Акционите планови беа изработени на работилницата за Бизнис планирање.

Мерка 1.1 Проширување на покриеноста соулсугата за сбнабдsвање со вода за пиење			
#	**Опис на Активноста**	**Резултати**	
1	Предвидување на капацитетот за производство и пренос врз основа на порекции за растот на населението,урбанистичките планови и проширување на хидрауличкиот систем	Соодветни капацитети за производство и пренос со цел исполнување на потребите во периодот на највисока потрошувачка и проширување на хидрауличкиот систем	
2	Разгледување на опции/ревизија ба соработката со соседните општини во рамки на снабдувањето,како и и дистрибуција и управувањето со (сирова) вода	Создавање на поголеми водоснабдителни системи и постигнување на економија од обем	
3	Изнаоѓања и изградба на нови водозафати	Постабуилен и понезависен водоснабден систем	
4	Истражување на квалитетот и сигурноста на снабдувањето со вода за пиење во приградските населби во рамки на општината	Постепени подобрување на капацитетите за водоснабдување и безбедноста на водата во руралните населби	
5	Подготвување на механизми за управување со руралните системи за самопомош	Подобрување на управувањето со руралните водоснабдителни системи	
6	Изградба на нова водоводна мрежа	Развој на системот	
жМерка 1.2 Поголема покриеност со услугата за собирање и одведување н отпадни води			
#	**Опис на Активноста**	**Резултати**	
1	Проширување на канализационит систем во сите делови од агломерацијата за отпадни води . Сите проширувања треба да претставуваат одделни системи	Проект, буџет и план за проширување на канализацискиот систем на агломерацијата за отпадни води	

2	Приклучување на системот за отпадни води на неприклучените домаќинства	Поголема покриеност со услугата. Поголем приход од услугите за собирање и одведување на отпадни води	
Мерка 1.3 Поголема покриеност со услугата за пречистување на отпадни води			
#	**Опис на Активноста**	**Резултати**	
1	Физибилити-студии,распишување на тендер и изградба на мали пречистителни станици и придружна инфраструктура во приградските и и селските населби	План за имплементација на проектите за станиците	
2	Приклучување на дополнителни населби на пречистителна станица во рамки на агломерацијата за отпадни води	Поголема покриеност со услугата. Поголем приход од услугите за собирање и одведување отпадни води	

3.4.5 Акционен План Оперативен Менаџмент (2024-2026)

Мерка 2.1: Подобри перформанси на дистрибутивниот систем за вода за пиење			
#	**Опис на Активноста**	**Резултати**	**Ресурси**
1	Составување на годишен воден баланс за целокупниот водоснабдителен систем и за секои од главните дистрибутивни зони/зони на притисок.	Утврдување на процентот на неприходувана вода, диференцијација по дистрибутивна зона	Методологија и софтвер на Меѓународната асоцијација за вода. Инженер по хидраулика (Одделение за НПВ). Годишна рутинска постапка.
2	Визуелна инспекција на водоводната мрежа (вентили, цевки и шахти). Вршење на испитување со на состојба на резервоарите. Идентификување на средствата кои се во најлоша состојба и нивно вклучување во инвестицискиот план.	Подобар увид на состојбата на средствата и тесните грла, како основа за Инвестицискиот план и утврдување на приоритети. Откривање и отстранување на видливи истекувања што ќе придонесе за непосредно намалување на загубите на вода.	Карти на мрежата, геолокација, ГИС (доколку е можно - види го Акцискиот план, управување со средства).
3	Развој на ‘’оддоле-нагоре’’ воден биланс врз основа на мерењата на протокот и притисокот	Подобрување на водниот биланс и утврдување на големината на компонентите.	Опрема за мерење на проток и притисок. Инженер по хидраулика и техничари.
4	Спроведување на рутински активности за откривање на истекувања на мрежата (постојни вентили, хидранти, огрлици, критични споеви и др.)	Проактивно идентификување на местата на истекување проследено со непосредни поправки. Намалување на реалните загуби	Опрема за откривање на истекување, обучен персонал.

5	Проверка на точноста на постојните мерачи на произведена вода/ поставување/замена на водомери на клучни точки на преносниот систем, изворите, резервоарите и мрежата	Подобро разбирање на хидрауликата на мрежата	Инженер по хидраулика. Водомери во залиха. СКАДА систем.
6	Поставување и замена на дефектни вентили и додавање на дополнителни вентили онаму каде што е потребно. Воведување на автоматизација во водоснабдувањето, контрола на нивото на резервоарите, дата логери за проток и притисок.	Поголема контрола над мрежата. Избегнување на преливање на резервоарите.	Инженер по хидраулика. Алати, време и буџет
7	Подобрување на зонирање на мрежата и превземање на активности на намалување на притисокот. Подготовка на план и пристап за воведување на мерни зони.	Соодветен притисок во мрежата. Помал број на дефекти на цевки. План за имплементација на мерните зони.	Воведување на зони на притисок, редуктори на притисок. Инженер по хидраулика.
